РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-243/3
23.03.2015 год.
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Macedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received: 31.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Viëra / Вредност / Value |
| 03 | 160 | 2 | |


Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 37. седница одржана на 27.02.2015 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Современ банкарски менаџмент", прв циклус тригодишни студии на Факултет за бизнис и економија, при Универзитет на југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Современ банкарски менаџмент", прв циклус тригодишни студии на Факултет за бизнис и економија, при Универзитте на југоисточна Европа во Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран по современ банкарски менаџмент,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Економски науки, научно - истражувачка област: 50300, 50302, 50305, 50306, 50307, 50308, 50325, 50326, 50327, 50328, 50329.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за бизнис и економија, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет на југоисточна Европа во Тетово, за организирање прв циклус тригодишна студиска програма „Современ банкарски менаџмент", на 21.01.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото

образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 36 седница одржана на 29.01.2015 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 37. седница одржана на 27.02.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски